# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ НАГРАДИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.54 од 03.05.2007 година**

## Член 1

Во Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2006), во членот 3 по зборовите: "11 Октомври" во нов ред се додаваат зборовите: "23 Октомври".

## Член 2

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

"Член 4-а

Со наградата "23 Октомври" се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно-историското наследство на Република Македонија.

Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди."

## Член 3

Во членот 17 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Паричниот износ на наградата "23 Октомври" е десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеца на тековната година." Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

## Член 4

Во членот 18 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

"- наградата "23 Октомври" на 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба;".

## Член 5

Во членот 19 алинејата 1 се менува и гласи:

"- за наградите "11 Октомври", "23 Октомври", "Св. Климент Охридски", "Мито Хаџи Василев Јасмин" и "Мајка Тереза" Министерството за култура;".

Алинејата 3 се брише.

## Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".